**ИЗВАДОК од ЗАПИСНИКОТ**

**од седницата на**

**СОВЕТОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА**

одржана на 7.3.2024 година (14:00 часот)

Седницата на Советот за безбедност и здравје при работа, ја отвори претседателката на Советот, Проф. Д-р Јасмина Чалоска, утврдувајќи дека се присутни 10 (десет) членови.

На седницата присуствуваа следните членови на Советот:

- Јасмина Чалоска,
- Даниела Китанова,
- Тодор Шендов,
- Ленче Коцевска,
- Тони Војнески,
- Дарко Дочински,
- Сашо Столевски,
- Миќо Стојановски,
- Иван Пешевски и
- Благоја Богоевски.

На почетокот Претседателката Чалоска констатираше дека се исполнети условите за одржување на Седницата, согласно Деловникот за работа на Советот, по што го стави на гласање **Дневниот ред**, кој едногласно, без забелешки, беше усвоен од страна на членовите:

1. Усвојување на Записникот од Седницата на Советот одржана на 21.12. 2023 година;
2. Избор на Претседател и Секретар на Советот за БЗР;
3. Извештај за реализираните активности согласно АП за БЗР 2021-2023;
4. Акциски план за БЗР 2024-2025;
5. План активности за одбележување на Светскиот ден за БЗР;
6. Информација за конкурсот за доделување на наградата за компании со најдобро имплементиран систем за БЗР и начин на оценување на апликантите;
7. Разно.

**1. Усвојување на Записникот од Седницата на Советот одржана на 21 декември 2023 година**

Записникот од Седницата на Советот за БЗР која се одржа на 21.12.2023 година, кој веќе претходно им беше доставен на членовите за коментари и забелешки, беше едногласно и без забелешки усвоен од страна на членовите на Советот.

**2. Избор на Претседател и Секретар на Советот за БЗР**

Согласно Деловникот за работа, на крајот на минатата година е истечен мандатот на Претседателот на Советот – проф. Јасмина Чалоска (избрана во октомври 2019 год.) и на Секретарот на Советот – Дарко Дочински (избран во декември 2019 год.). На претходната седница од членовите беше побарано да размислат за предлози на членови за овие две места. Членовите беа информирани и за соодветните одредби од Деловникот за работа на Советот за БЗР (Член 4) според кои:

- Претседателот, потпретседателот и секретарот на Советот се избираат со мандат од четири години, со право на реизбор.

- При изборот, треба да се има во предвид претседателот и потпретседателот да бидат од различни организации, т.е. од различни засегнати страни претставени во Советот.
- Секретарот на Советот се избира од редот на членовите на Советот именувани од Владата на Република Северна Македонија.

По овие информации, проф. Чалоска отвори расправа по оваа точка од Дневниот ред. Во дискусиите, беше даден предлог досегашните членови на Советот кои ги извршуваа овие функции, тоа да продолжат да го прават и во наредниот период и да бидат ре-избрани за нов мандат, кој го поддржаа повеќето членови на Советот, по што, едногласно се заклучи **проф. Јасмина Чалоска** да биде ре-избрана за Претседател на Советот за БЗР, а **Дарко Дочински** – за Секретар, со мандат од четири години, согласно Деловникот.

### 3. Извештај за реализираните активности согласно АП за БЗР 2021-2023

Членовите на Советот го усвоија подготвениот **Извештај за реализираните активности согласно Акцискиот план за БЗР 2021-2023**, со заклучок Извештајот да се објави на *web*-страната на Министерството за труд и социјална политика за да истиот биде јавно достапен за сите кои се заинтересирани за неговата содржина.

### 4. Акциски план за БЗР 2024-2025

Во рамките на оваа точка од Дневниот ред, се дискутираше за подготовката на новиот Акциски план за БРЗ кој ќе се реализира во наредниот двегодишен период (2024-2025 година) и ќе биде во функција на реализирање на стратешките приоритети од тековната Стратегија за БЗР 2021-2025.
Се заклучи, членовите на Советот, во соработка со институциите, организациите и здруженијата кои ги претставуваат, до МТСП **да достават предлог-активности** (со буџет, временски рок, индикатори за следење и вклучени институции) **за новиот Акциски план за БЗР 2024-2025**. **Рокот за доставување на потребните информации е <u>20 март 2024 година</u>**, како би можело навремено да се подготви и финализира Планот.

### 5. План активности за одбележување на Светскиот ден за БЗР

Членовите на Советот беа информирани за веќе отпочнатите разговори и консултации за овогодинешното одбележување на „28-ми април - Светскиот ден за БЗР“. Бидејќи годинава 28 април е во недела, предлогот е настанот да се организира во петок, на 26-ти април. Оваа година, темата на меѓународното одбележување е „Влијанието на климатските промени врз безбедноста и здравјето при работа“, па согласно тоа, така би се конципирал и овој национален настан и одбележување.

Се заклучи да се продолжи со подготовките за организирање и реализација на настан за одбележување на „28ми април – Светски ден за БЗР“, со напомена дека сите членови на Советот би требало активно да се вклучат и да помогнат во организацијата и реализацијата на овој и сличните вакви настани во иднина.

### 6. Информација за конкурсот за доделување на наградата за компании со најдобро имплементиран систем за БЗР и начин на оценување на апликантите

По дискусијата во рамки на оваа точка, се заклучи за дискутираните новини и дадени предлози во однос на процедурите околу изборот на компании за награда за најдобро имплементиран систем за БЗР, да се одлучи во рамки на Советот дополнително, откако ќе се согледа колку компании ќе се пријават на конкурсот оваа година, при што доколку се одлучи да се променат некои од постапките, ќе треба соодветно да се изврши и промена во пишаната Процедура за избор и доделување на Националната награда, усвоена од страна на Советот.

**7. Разно**

Во рамки на оваа точка од Дневниот ред, претставникот од МТСП – Дарко Дочински, ги информираше членовите на Советот за неодамна реализираната иницијатива која ја реализираа заедно со проф. Трајче Велковски од Машинскиот факултет во Скопје. На 1 март 2024 година, беше остварена посета во средното стручно училиште „Михајло Пупин“ од Скопје, при што беше организирана презентација и дискусија со ученици од прва година од ова училиште на теми „Основи на безбедност и здравје при работа“ и „Влијание на дигитализацијата врз безбедноста и здравјето при работа“. Презентацијата беше одлично прифатена од страна на учениците кои покажаа заинтересираност за темите и се вклучија активно во дискусиите, од што може да се заклучи дека треба да се даде поддршка за вакви и слични активности да продолжат да се организираат почесто, со вклучување и на други членови од Советот и експерти од областа.

Подготвил:
Секретар на Советот за БЗР

Претседател на Советот за БЗР
*Проф. Д-р Јасмина Чалоска*